# Извадок на дел дневните настани 03.12.2022

На 02.12.2022 во 12.45 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Ѓ.(52) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага со остатоци од марихуана. Лицето биле задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2022 во 11.00 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода О.Т.(73) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом помошните простории, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Црвена застава" со футрола и две рамки со вкупно девет куршуми калибар 7,65 мм, пиштол „Gesichept" со една рамка, пиштол и 61 куршум со различен калибар. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава

На 02.12.2022 во 12.00 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Ф.Ќ.(37) од с.Страхојадица, Општина Зелениково. При преглед во товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, извршен во содејство со државен инспектор од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, биле пронајдени и одземени 25 картонски кутии со суров тутун во лист со вкупна тежина од околу 500 килограми, за кои не поседувал никаква документација. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2022 во 01.50 часот на ул.„Пушкинова" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.А.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.12.2022 во 22.40 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.Ф.(39) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени таблетки. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.12.2022 во 11.30 часот во Блок 82 во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.М.(18) од Република Албанија, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 03.12.2022 во 00.30 часот во с.Визбегово, скопско, полициски службеници од СВР Скопје привеле 16-годишник од с.Визбегово, затоа што кај него бил пронајден нож. Против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (02.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 126 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 10 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за нерегистрирани возила. Изречени се шест мерки за управување под дејство на алкохол, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, три мерки за некористење сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (02.12.2022) во периодот од 12.00 до 16.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведена е акциска контрола на возила што вршат јавен превоз на ученици, за зголемување на безбедноста на учениците од дома до училиште и од училиште кон дома. При контролата констатирани се 47 сообраќајни прекршоци, а две возила се исклучени од сообраќај.

На 02.12.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на крстосница од ул.„Борка Талески" со ул.„3 Ноември" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", управувано од Р.Д.(56) од Прилеп и мотоцикл, управуван од Р.З.(59) од Прилеп, двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница Прилеп. Увид на местото извршила екипа од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Прилеп.

На 02.12.2022 во 10.25 часот во Полициската станица Македонски Брод, С.П.(40) од Битола, со живеалиште во с.Другово, кичевско, пријавил дека во с.Модриште, Општина Македонски Брод бил каснат од куче скитник.

На 02.12.2022 околу 10.30 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Блаже Коневски" во Радовиш, патничко возило „волво" со радовишки регистарски ознаки, управувано од В.П.(62) од Радовиш, удрило во пешакот Т.К.(66) од Радовиш. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.К., констатирани во ЈЗУ Здравствен дом Радовиш. Увид на местото извршила екипа од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Радовиш.

На 02.12.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.В.(80) од Скопје пријавил дека на ул.„Борис Сарафов" бил каснат од куче скитник.

На 02.12.2022 околу 14.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на паркинг просторот на ул.„Сутјеска" во Штип, патничко возило „фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.С.(75) од Штип, удрило во пешакот К.М.(75) од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил К.М., констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 02.12.2022 во 10.45 часот во Полициската станица Македонски Брод, Ј.К.(42) од с.Другово, кичевско, пријавил дека во с.Модриште, Општина Македонски Брод бил каснат од куче скитник.

Денеска (03.12.2022) во периодот од 05.00 до 08.30 часот од страна на Оперативниот тим потраги во содејство со припадници на Одделот за специјални полициски операции-ОСПО и полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје на подрачјето на с.Арачиново, скопско, лишен е од слобода Н.Р.(49) од с.Арачиново. За него била распишана централна потерница согласно наредба од Основен Кривичен суд - Скопје, со која се барал за издржување на казна затвор во времетраење од година и половина, во врска член 396 од Кривичниот законик, за неовластено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи. Лицето е приведено во полициска станица и ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на затворската казна. Во 06.30 часот полициски службеници извршиле проверка во куќа во с.Горно Мојанци, сопственост на Џ.О., во која престојувал Ф.О.(40) од с.Арачиново, при што бил пронајден пиштол. Пиштолот е одземен за понатамошна постапка, по лицето се трага, а по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2022 во 00.50 часот на автопат Куманово – Граничен премин Табановце, на излез од автопатот и почеток на магистралниот пат за Крива Паланка, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ј.Ф.(56) од Скопје. При преглед во возило „киа", кое го управувал, биле пронајдени три лица мигранти од Пакистан. Мигрантите биле спроведени во прифатно-транзитен центар за понатамошна постапка, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.12.2022 во 20.30 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Р.(18) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени револвер „Нагант" и шест куршуми за него. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање нас лучајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2022 околу 03.40 часот во Полициската станица Кочани, од Општа болница Кочани било пријавено дека од кругот на болницата било одземено службено обележано специјално возило „тојота", сопственост на Итната медицинска помош Кочани. По преземени мерки, полициски службеници од ОВР Кочани возилото било пронајдено во 08.30 часот на ул.„Кирил и Методиј" во Кочани и било вратено на Итната медицинска помош. За настанот бил известен Јавен обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.А.(25) од Охрид и против правен субјект со седиште во Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот, во својство на управител во правниот субјект, од јуни до октомври 2022 година неовластено узурпирал околу 200 метри квадратни простор на плажа пред хотел покрај брегот на Охридското Езеро, кој со пропис е прогласен за имот од општа употреба и противправно поставил 50 чадори за сонце и 120 лежалки. Тоа го направил без да добие одобрение од надлежните служби во општина Охрид.

На 02.12.2022 во 14.00 часот на магистралниот пат А2, на релација с.Жидилово - с.Конопница, кривопаланечко, полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Крива Паланка извршиле контрола на товарно возило „там" со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од Д.П.(55) од Крива Паланка. При контролата било констатирано дека превезувал дрва без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз на стоки во патниот сообраќај и извод од лиценца за возилото. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.12.2022 околу 17.25 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на мост на реката Црн Дрим, кај браната на ул.„Боро Хаџиески" во Струга, патничко возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, управувано од В.С.(56) од Кичево, со живеалиште во Струга, удрило во малолетен пешак од Штип. Во несреќата малолетничката се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 03.12.2022 во 01.15 часот на ул.„Теофан Економов" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода П.П.(39) од Куманово, затоа што околу 00.15 часот со уште две лица лица во угостителски објект во населба „Гоце Делчев" физички го нападнале М.М.(27) од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2022 во 13.45 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека со повреда од огнено оружје бил донесен малолетник од нас.Шуто Оризари-Скопје. По преземени мерки било утврдено дека малолетникот своеволно земал да чисти воздушна пушка во домот, при што пушката испукала и го повредила на дланката. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.С.(43) од Скопје пријавил дека на 15.11.2022 на ул.„Ѓорѓи Капчев" во Скопје неговата малолетна ќерка била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2022 во 19.10 часот во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино ги лишиле од слобода А.К.(26) и М.К.(54), двајцата од Неготино, затоа што во 18.45 часот во двор на ул.„Маршал Тито" го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.12.2022 околу 19.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.А.(23) и А.Е.(29), двајцата од Скопје, пријавиле дека на ул.„Хаџи Јован Шишков" биле физички нападнати од Р.Н. и Е.Н., кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против В.И.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 09.09.2022 од страна на полициски службеници на ул.„Ѓорѓи Димитров" било сопрено патничко возило „ауди", а при извршениот преглед над пријавениот пронајден бил пиштол „Црвена застава" калибар 7.65мм модел 70, со една рамка за истиот и пет куршуми.

На 02.12.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.С.(54) од Скопје пријавил дека околу 17.15 часот во нас.Ќерамидница бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2022 во 22.00 часот во Полициската станица Драчево, Н.Р.(40) од с.Батинци, скопско, пријавил дека околу 21.40 часот на ул.„Иван Хаџи Николов" четири малолетници физички го нападнале неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2022 во 10.00 часот, С.С.(22) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Прилепска" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Б.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.11.2022 на ул.„Џон Кенеди", полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 02.12.2022 околу 23.50 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Неготино, малолетник од Неготино бил физички нападнат од неколку лица кои ги познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2022 во 14.20 часот во СВР Охрид, А.Т.(34) од Битола пријавил дека на булеварот „Железничка" во Охрид бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Ц.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.08.2022, полициски службеници извршил преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин.

На 02.12.2022 во 23.30 часот во Полициската станица Аеродром, Е.Ж.(43) и Ф.Х.(49), двајцата од Скопје, пријавиле дека во 22.00 часот на бул.„Јане Сандански" нивните малолетни ќерки биле физички нападнати од еден малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Г.М.(66) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Таа, на 09.07.2022, по текст објавен од еден медиум на социјалната мрежа „Фејсбук", објавила коментар со што промовирала и поттикнувала омраза.

На 03.12.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 20.34 часот во продажен објект на ул.„Ѓорги Поп Христов" едно лице со закана одзело пари од вработената. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.12.2022 во 08.00 часот во СВР Велес, 18-годишник сместен во ученички дом во Велес пријавил дека на 30.11.2022 околу 23.10 часот, тројца негови врсници, исто така сместени во домот, физички го малтретирале во собата во која престојувале. Известен е Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2022 во 12.35 часот во СВР Тетово, С.З.(18) од Тетово пријавил дека на ул. „Дервиш Цара" бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет